РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВОЗАКУЛТУРА
Бр. УП 21 - 169/2022
27 02 2023 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
Примен: 01.03.2023
орг.еди. | број | прилог | вредност
03 | 110/1 |

РЕШЕНИЕ

1. За проекти од национален интерес во културата за 2023 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** за 2023 година доставена до Министерството за култура под бр. УП1 21-169 од 30.06.2022 година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

- од областа на **драмска дејност**:

1.1. Интернационален Фестивал на монодрама во Битола	500,000 ден.

- од областа на **музичка и музичко-сценската дејност**:

1.1. „Новогодишен концерт 2023"	300,000 ден.
1.2. „Засекогаш во срцата" 2023	100,000 ден.
1.3. Концерт на бендот Џез Вез „Извезено со љубов"	100,000 ден.
1.4. ВЕЧЕР СО КРСТЕ РОЦЕВСКИ	150,000 ден.
1.5. „Концерт на филмска музика"	150,000 ден.
1.6. „Пепелашка" детска балетска претстава	50,000 ден.
1.7. 15-ти Фестивал на музика од светот - Битола 2023 „Festival of World Music" - Bitola 2023	1,000,000 ден.

- од областа на **инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**:

1.1. Изолација на клима комора	205,320 ден.
1.2. Клима уреди за ладење и греење на Мала сала	200,000 ден.

- од областа на **визуелните уметности архитектурата и дизајнот:**

1.1	Деветта по ред Детска ликовна работилница „Народната култура- трајна инспирација во моето творештво"	70,000 ден.
1.2	48-ма ДРЖАВНА ИЗЛОЖБА НА ДЕТСКИ ЛИКОВНИ ТВОРБИ НА ТЕМА „НАРОДНАТА КУЛТУРА КАКО ТРАЈНА ИНСПИРАЦИЈА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО " БИТОЛА -2023	50,000 ден.

1.3	„Фузија“ - превземање изложба од Струга“	15,000 ден.
1.4	Монографски каталог за „40 години творештво на Драган Најденовски“ и ретроспективна изложба	150,000 ден.
1.5	„Сонувајќи ја природата“Стефан Малбашиќ	45,000 ден.
1.6	Изложба „ФОТО-графија“ А.Нашоку и Д.Кочовски - Мичо	100,000 ден.

- од областа на **фолклорот**:

1.1. Издавање на носач на звук со наслов: “ГЛАСОТ НА ВЕЧНАТА ЉУБОВ“ Македонски музички бисери изведени на кларинет Солист: Стојан Трајковски 100,000 ден.

1.2. 15-ти по ред Семинар за традиционална музика и игра 150,000 ден.

1.3. Концерт „ЕТНО СИМФОНИЈА“ 20 години професионална дејност на Благојче Трајковски 200,000 ден.

1.4. 53-ти Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола 2023 2,200,000 ден.

1.5. Материјални трошоци за работа на установата 100,000 ден.

- од областа на **литература и издавачка дејност**:

1.2. Избрани монодрами, (ќе се избират во принцип на конкурс) 55,000 ден.

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** за 2023 година доставена до Министерството за култура под бр. УП1 21-169 од 30.06.2022 година од областа на:

- **драмска дејност**:

2.1. Гостување со претставата „Чудна случка во ноќта“ - автор Сајмон Стивенс, режија Зоја Бузалковска на НУ Драмски театар од Скопје

2.2. „Дневникот на Ана Франк“ - автор Ана Франк, адаптација и режија Трајко Јордановски

- **музичка и музичко-сценската дејност:**

2.1. Самостоен концерт на групата Фолтин

2.2. „Movie's symphony“

2.3. Самостоен концерт на битолската група „Луцент“

- од областа на **инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**:

2.1.Опремување на институцијата со нови компјутери и монитори

2.2. Набавка на кино-платно за мала сала

2.3. Набавка на аудио систем за голема сала

2.4. Набавка на аудио систем за мала сала

2.5. Набавка на видео проектор

- од областа на **визуелните уметности архитектурата и дизајнот**

2.1 „Убавините на тиквешко ВИНОжито“, Владимир Темков

2.2 „Големи и мали дела “ Анкица Стевановска

2.3 Изложба на икони „Благовест“, Златко Лечковски

2.4 „Превземање изложба“

2.5 Фото конкурс и изложба на уметничка фотографија

СЕ ОДБИВААТ.

3. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2023 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 02.06.2022 година година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт-годишна програма за 2023 година.

Националната установа Центар за култура од Битола со допис бр. УП1 21-169 од 30.06.2022 година до Министерството за култура достави Нацрт-годишна програма за работа на установата за 2023 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за **драмска дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 20-566/10 од 08.02.2023 год. и Измена и дополна на Извештај бр. 20-566/11 од 09.02.2023 год. со кои од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектот од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се избере за проект од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **драмска дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 20-566/10 од 08.02.2023 год. и Измена и дополна на Извештај бр. 20-566/11 од 09.02.2023 год. со кои од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

2.1. Гостување со претставата „Чудна случка во ноќта“ - автор Сајмон Стивенс, режија Зоја Бузалковска на НУ Драмски театар од Скопје	поради небалансирани трошоци меѓу хонорарите и трошоците за проектот
2.2. „Дневникот на Ана Франк“ - автор Ана Франк, адаптација и режија Трајко Јордановски	бидејќи од режисерската експликација се добива впечаток дека режисерот го раскажува драмскиот текст без свој режисерски концепт и на тој начин не може да се добие јасна слика за целосната уметничка вредност на проектот

Комисијата за **музичка и музичко-сценската дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 21-1180/2 од 08.02.2023 год. и Измена и дополна на Извештај бр. 21-1180/4 од 09.02.2023 год. со кои од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **музичка и музичко-сценската дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 21-1180/2 од 08.02.2023 год. и Измена и дополна на Извештај бр. 21-1180/4 од 09.02.2023 год. со кои од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: проектите немаат соодветна уметничка и естетска вредност и не претставуваат национален интерес на Република Северна Македонија.

Комисијата **за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата** до министерот за култура достави Извештај бр. 50-1218/1 од 08.02.2023 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата **за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата** до министерот за култура достави Извештај бр. 50-1218/1 од 08.02.2023 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес, како и ограничените буџетски средства за оваа намена.

Комисијата за **визуелните уметности архитектурата и дизајнот** до министерот за култура достави Извештај бр. 53-11524/13 од 26.12.2022 год. со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **визуелните уметности архитектурата и дизајнот** до министерот за култура достави Извештај бр. 53-11524/13 од 26.12.2022 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

2.1	„Убавините на тиквешко ВИНОжито“ ,Владимир Темков	Се одбива бидејќи од описот на проектот комисијата утврди дека истиот нема елементи од национален интерес во културата, согласно со критекиумите и мерилата дадени на Конкурсот, како и дополнителните критериуми на комисијата.
2.2	„Големи и мали дела “ Анкица Стевановска	Се одбива бидејќи од описот на проектот комисијата утврди дека истиот нема елементи од национален интерес во културата, согласно со критекиумите и мерилата дадени на Конкурсот, како и дополнителните критериуми на комисијата.
2.3	Изложба на икони „Благовест“, Златко Лечковски	Се одбива бидејќи од описот на проектот комисијата утврди дека истиот нема елементи од национален интерес во културата, согласно со критекиумите и мерилата дадени на Конкурсот, како и дополнителните критериуми на комисијата.
2.4	„Превземање изложба“	Се одбива бидејќи од описот на проектот комисијата утврди дека истиот нема елементи од национален интерес во културата, согласно со критекиумите и мерилата дадени на Конкурсот, како и дополнителните критериуми на комисијата.
2.5	Фото конкурс и изложба на уметничка фотографија	Се одбива бидејќи од описот на проектот комисијата утврди дека истиот нема елементи од национален интерес во културата, согласно со критекиумите и мерилата дадени на Конкурсот, како и дополнителните критериуми на комисијата.

Комисијата за **фолклор** до министерот за култура достави Извештај бр. 21-1221/3 од 08.02.2023 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **литература и издавачка дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 24-1222/1 од 08.02.2023 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура од Битола** предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

МИНИСТЕР,

Бисера Костадиновска - Стојчевска

Доставено до:
-Националната установа
-архивата на Министерството за култура

Подготвил: Бесим Ибраими, советник
Подготвил: Ирена Пејков, надворешен соработник
Одобрил: Елена Николовска, раководител на Одделение
Одобрил: Снежана И.Китанова, помошник раководител на Сектор
Одобрил: Хајрие Сопи, помошник раководител на Сектор

Подготвил: Агон Салахи, надворешен соработник
Проверил: Цветанка Јакимовска, виш соработник
Одобрил: Владимир Попоски, раководител на сектор

Подготвил:М.М.Ациговa, соработник
Одобрил:М.С.Ѓорѓова, раководител наодделение
Одобрил:Љ.Селмани, помошник раководител на Сектор

Подготвил: Весна Шуровска, советник
Одобрил: Беса Ода Муртеза, раководител на одделение
Согласен: Ирина Ставрева, помошник раководител на сектор